Планот е усогласен со законска регулатива актуелна во периодот на одобрување на планската програма, како што е: Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 219/21, 104/22 и 99/23) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата,содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. Весник на РМ” бр. 142/15).

Основна цел на ДУП-от е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат и детална разработка на парцелите. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во ГУП на град Штип со кој е уреден планскиот опфат како што се намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, регулација на мрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури како и за сите други нумерички плански параметри.

Вака концепиран, предметниот Детален Урбанистички план има за цел да овозможи контролиран, рамномерен и одржлив просторен развој во иднина, рационално уредување и да создаде потребни просторни услови за рационално планирање на истиот и можност за негова прогресивна операционализација преку планска документација од пониско ниво.

Реализацијата на урбанистичкиот проект ќе биде во функција на поттикнување на развојот на стопанските активности и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив економски развој.




Графички приказ на Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип

## 2.2 Плански опфат

### 2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Планскиот опфат опфаќа дел од СЕ 02.01, Општина Штип, дефиниран со Генералниот урбанистички план на град Штип. Се наоѓа на подрачјето на КО Штип и се протега во следните граници:

- од север опфатот е дефиниран по граница на опфат по претходен ДУП,
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП,
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП,
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип - Кочани согласно ГУП на град Штип.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка,како што следи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | X=7598874.454 | Y=4626261.567 |
| X=7598751.224 | Y=4626118.243 | X=7598854.341 | Y=4626204.163 |
| X=7598977.667 | Y=4626166.079 | X=7598970.153 | Y=4626169.427 |
| X=7598746.875 | Y=4626183.387 | X=7598854.092 | Y=4626135.530 |
| X=7598959.286 | Y=4626166.134 | X=7598882.730 | Y=4626041.274 |
| X=7598753.224 | Y=4626220.491 | X=7599536.477 | Y=4626212.184 |
| X=7598759.362 | Y=4626247.782 | X=7598893.699 | Y=4626003.780 |
| X=7598774.232 | Y=4626305.326 | X=7598794.236 | Y=4625991.851 |
| X=7598792.791 | Y=4626380.563 | X=7598791.684 | Y=4625999.283 |
| X=7598896.626 | Y=4626343.100 | X=7598772.600 | Y=4626051.616 |
| X=7598903.159 | Y=4626362.763 | X=7598754.625 | Y=4626105.088 |
| X=7598908.735 | Y=4626359.828 | | |

Вкупна површина: 39.397,55м$^2$
Периметар: 1 010.69м´

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 3.9 ха.

### 2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Со Генералниот урбанистички план на Град Штип одредена е намената на земјиштето и градбите, при што дефинирана е постојна работна зона со класа на намена, Г-Рударство, енергетика, индустрија Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија:
Е-Инфраструктура
Е1- Сообраќајни,линиски и други инфраструктури
Е1.1- Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8-Трансформаторски станици и подстаници (класификација на намени согласно Правилник за урбанистичко планирање, („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичко планирање и постојната состојба.

Површината на планскиот опфат е парцелирано градежно и делумно неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Штип.

Со овој ДУП во планот се формираат повеќе градежни парцели со цел стекнување на сопственост. Пристапот до парцелите се обезбедени преку новопланирана сервисна ул. бр. 1. Оваа измена не го нарушува сообраќајниот режим во поширокиот опфат.

Висините на градбите се во склад со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. На

барање на Инвеститорот на предметниот плански опфат со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, формирани се 5 градежни парцелии и една парцела со намена Е1.8-трафостаница.

**Класа на намени**

Флексибилност на планот е капацитет на самиот план да се обезбеди поширок избор на алтернативни и компатибилни намени на земјиштето и градбите применувајќи го системот на класи на намени, што го зголемува степенот на реализација на планот и динамиката на просторниот развој.

Во планот е обезбеден поширок избор на алтернативни и компатибилни класи на намени на земјиштето и градбите. Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Заради флексибилност на планот, при одредување на намената на земјиштето во урбанистичките планови како планска одредба може да се употребуваат две или повеќе меѓусебно компатибилни намени како алтернативни намени.

Применувањето на алтернативните намени во градежната парцела обезбедува избор на една од определените намени во постапката при спроведување на планот, при што во текот на употреба на градбата е можна нејзина пренамена во другата алтернативна намена се додека е на сила урбанистичкиот план што ги уредил алтернативните намени. Алтернативните намени таксативно се наведуваат за секоја одделна градежна парцела при што збириот на површините на градежните парцели со алтернативни намени не може да зафати повеќе од 30% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната, доколку носителот на зоната е една од алтернативните.

Заради флексибилност на планот обезбеден е поширок избор на алтернативни намени на градежните парцели, применувајќи го системот на класи на намени и тоа за градежни парцели со намена:

Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија

Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Во моментот на изработка на планот забележано е присуство на производствени капацитети, сервиси и стоваришта.

Планското решение со оваа намена Г дополнително дава можност и за отварање на поголеми производни капацитети кон немаат големи енергетски барања, не создаваат голем промет на суривини, ниту пак создаваат штетни еманации. Со проектните документации од понизок ранг, задолжително е имплементирање на одредбите на одржлив раст, како и почитување на законската и подзаконската регулатива од заштита на животната средина:

Е - Инфраструктура

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури

Е1.8 - Трансформаторски станици и подстаници.

Во однос на предвидената класа на намена Е1.8-трансформаторски станици, покрај постојната трафостаница не се предвидуваат нови градежни парцели за поставување на нови трафостаници. Дополнително, се имплементираат сите постојни водови од мрежата на ЕВН, а на ним им се предвидуваат заштитни појаси.

Со планското решение, согласно законската регулатива се предвидуваат траси за следните инфраструктурни водови: фекална канализација, атмосферска канализација, водоводна и телекомуникациска инфраструктура, електрична инфраструктура. Овие траси се поставени во канали, секој со соодветен профил, положен под сообраќајниците, односно помеѓу регулациските линии на секундарната сообраќајна мрежа.

Компатибилните класи на намени ќе бидат во согласност на Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), односно каде што се дефинирани општите правила за компатибилност на намените.

Помала некомпатибилност од класата на намени Г1 имаат класите на намени Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (освен Г2.8 - топлани за комунално греење и Г2.9 - вински подруми, винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В) и Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори (освен Г3.2 - сервиси за одржување и поправка на машини, бела техника, електроника, апа- рати за домаќинство, Г3.4 - сервиси за чистење и перење на килими, хемиско чистење и слично, Г3.6 - производство на инструменти, електроника и предмети за домаќинство, накит од племенити метали, музички инструменти, кроење и шиење облека, мануфактури за прецизни работи, печатници и слично, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В), чија што поголема компатибилност може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита кои ги преквалификуваат овие намени во компатибилни со некои класи на намени од групите на класи на намени Б и В, па дури и класата на намени А2, при што за оваа преквалификација (од повеќе во помалку загадувачки) се потребни технички докази и институционална верификација за нивната незагадувачка природа. Класите на намени Г4 - стоваришта, складови и отпади и Г5 - земјоделско и сточарско производство, се некомпатибилни за сите урбани групи на класи на намени, при што исклучок се селските стопански дворови како и специјализираните рурални населени места, во кои што мешањето на класите на намени А1 и Г5 може да биде и компатибилно и комплементарно.

**Градежна парцела бр: 1**

Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија

Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела: 6.654,22 м$^2$

Површина за градење: 4.059,92 $м^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 12.179,76 $м^2$
Процент на изграденост: 61%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%). Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Hмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.83;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр.1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 2**
Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 6.936,49 $м^2$
Површина за градење: 7.216,48 $м^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 9.583,17 $м^2$
Процент на изграденост: 46%

Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Hмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.38;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1".
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 3**
Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 11.457,49 $м^2$
Површина за градење: 7.357,49 $м^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 21.649,44 $м^2$
Процент на изграденост: 64%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се

потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.92;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела
За оваа градежна парцела потребно е да се изработи урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање, со кој се врши урбанистичко архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план, при што висинатана сите градби и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој план.

**Градежна парцела бр: 4**
Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 3.097,29 м$^2$
Површина за градење: 1.341,98 м$^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 4.025,94 м$^2$
Процент на изграденост: 44%

Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.31;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1".
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 5**
Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 2.661,83 м$^2$
Површина за градење: 1.258,10м$^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 3.774,3м$^2$
Процент на изграденост: 46%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се

потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.39;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 6**
Група на класа на намена - Е - Инфраструктури
Класа на намена - Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена - Е1.8 - Трансформаторска станица
Површина на градежна парцела: 140,23 м$^2$
Површина за градење: 30 м$^2$
Бруто површина 30 м$^2$
Процент на изграденост: 21%
Висина на објект Нмах=4,5 м
Број на катови: П
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=0,21;
Колски пристап: сервисна улица „1”.

## НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ 1,2,3,4,5 и 6**

| Број на градежна парцела | Група и основна класа на намена | Класа на намен | Максимален дозволен % на учество на збирот на комп. намени во однос на основаната класа на намена | Површина на градежна парцела ($m^2$) | Максимална површина за градба ($m^2$) | Катност на објектот | Висина до кота на венец (m) | Развиена површина на градежна парцела ($m^2$) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП 1 | Г | Г2/Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија/ | Г3,Г4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,В2,Д1,Д2 (мах до 40 %) | 6 654.22 | 4 059.92 | П+2 | 12.00m | 12 179.76 | 61 | 1.83 | Во сопствена ГП |
| ГП 2 | Г | Г2/Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија/ | Г3,Г4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,В2,Д1,Д2 (мах до 40 %) | 6 935.49 | 7 216.48 | П+2 | 12.00m | 9 583.17 | 46 | 1.38 | Во сопствена ГП |
| ГП 3 | Г | Г2/Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија/ | Г3,Г4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,В2,Д1,Д2 (мах до 40 %) | 11 457.62 | 7 357.49 | П+2 | 12.00m | 21 649.44 | 64 | 1.92 | Во сопствена ГП |
| ГП 4 | Г | Г2/Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија/ | Г3,Г4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,В2,Д1,Д2 (мах до 40 %) | 3 097.29 | 1 341.98 | П+2 | 12.00m | 4 025.94 | 44 | 1.31 | Во сопствена ГП |
| ГП 5 | Г | Г2/Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија/ | Г3,Г4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,В2,Д1,Д2 (мах до 40 %) | 2 661.83 | 1 258.10 | П+2 | 12.00m | 3 774.3 | 46 | 1.39 | Во сопствена ГП |
| ГП 6 | Е | Е1.8/Трансформаторски станици | / | 140.23 | 30 | П | 4.00m | 30 | 21 | 0.21 | / |
| | | | ВКУПНО: | 30 946.68 | 17 227.58 | / | / | 51 651.34 | / | / | |

## БИЛАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ-НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | ПОВРШИНА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| Површина на оформени парцели | **30.955,99 $m^2$** | **78,6%** |
| Е1-сообраќајници,тротоари и патеки | **8.441,56 $m^2$** | **21,4%** |
| ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | **39.397,55$m^2$** | **100%** |

## БИЛАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ-НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | ПОВРШИНА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| Г2-лесна прераотувачка и помалку загадувачкаиндустрија | **30.813,00 $m^2$** | **78,2%** |
| Е1.8-трафостаница | **140,23 $m^2$** | **0,4%** |
| Е1-сообраќајници,тротоари и патеки | **8441,96 $m^2$** | **21,4%** |
| ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | **39.397,87$m^2$** | **100%** |

## БИЛАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ-ПОВРШИНА НА ГРАДБА

| НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ | ПОВРШИНА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| Г2-лесна прераотувачка и помалку загадувачкаиндустрија | **17 211.88 $m^2$** | **99.9%** |
| Е1.8-трафостаница | **15.7 $m^2$** | **0.1%** |
| ВКУПНО | **17.227,58$m^2$** | **100%** |

## БИЛАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ- БРУТО ПОВРШИНА

| НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ | ПОВРШИНА | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| Г2-лесна прераотувачка и помалку загадувачкаиндустрија | **51 635.64 $m^2$** | **99.9%** |
| Е1.8-трафостаница | **15.7 $m^2$** | **0.1%** |
| ВКУПНО | **51 651.34$m^2$** | **100%** |

# 3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:
- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

## 3.1 Сообраќајно поврзување

Вкупниот опфат има површина од околу 3.9 ха, а уличната мрежа (сообраќајни коридори = коловоз + тротоари) во рамките на овој плански опфат зафаќа околу 22%. Планираните улици овозможуваат оптимално одвивање на сообраќајот во рамки на планскиот опфат. Новопланираната сообраќајна мрежа се надоврзува на веќе постоечките сообраќајници на лице место и трасирана е во зависност од теренските услови и потребите за обезбедување на пристап до новопланираните градежни парцели. Во однос на класификација на уличната мрежа, дел од улици во планираниот опфат спаѓаат во секундарна улична мрежа и тоа сервисни и пешачки улици - наменети за пристап кон планираните содржини, односно кон постојните катастарски, а идни градежни парцели. Исклучок на ова е планирана магистрала М-5 Штип-Кочани согласно ГУП на град Штип која спаѓа во примарна улична мрежа. Целокупниот опфат на градежниот реон е поврзан со потребна сообраќајна мрежа. Поврзаноста со Општина Штип се одвива токму преку оваа магистрала М-5 Штип-Кочани. Осовината на магистралниот пар воедно претставува и една од границите на овој ДУП. На оваа сообраќајница се поврзуваат улици од секундарна улична мрежа кои водат до индустрискиот дел од опфатот.

**Примарна сообраќајна улична мрежа**

Магистрален пат (М-5) Штип-Кочани е со вкупен сообраќаен попречен профил од 23м, односно средишно заштитно зеленило од 2м, 14м коловоз (2х7м) и 7м тротар (2х3.5м).

**Секундарна сообраќајна улична мрежа - сервисни улици**

Сервисна Ул."1" - е со вкупен сообраќаен профил од 11.8 м (коловоз 7 м и 2х2.4 тротоар).

Сервисна Ул."2" е со вкупен сообраќаен профил од 18.5 м (коловоз 14м (2х7) и 2х2м тротоар).

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот. Радиусите на хоризонталните кривините ги задоволуваат условите пропишани во член 154 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Сервисните улици кои

со својот попречен профил се пресекуваат со границите на планскиот опфат, се смета дека не се слепи, односно се смета дека истите го поврзуваат индустрискиот дел со останатата патна инфраструктура. Сите улици се планирани со континуирани пешачки патеки-тротоари, што ќе овозможува непречено и безбедно движење на пешаците. Понатаму, потребно е да се спомне дека е запазен и член 155 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), со што меѓусебното растојание на планираните крстосници е во рамки на дозволената регулатива.

Со погоре кажаното меѓу другото, се запазуваат и Членовите од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), каде што колскиот пристап до градежните парцели е дозволен и обезбеден за секоја парцела посебно, исклучиво од секундарната мрежа на улици.

**Паркирање**

Според планското решение, при разработката паркирањето се решава во рамките на сопствените градежни парцели. Истото ќе се решава плански, односно проектните документации од понизок ранг, односно во посебните одредби во разработката на овој ДУП. Паркирањето може да биде сместено на подземно или надземно ниво, додека димензионирањето на потребниот број на паркинг места, согласно намената на градбите, понатаму ќе се врши според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), и тоа: Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела. За групи на класи на намена - Г, се очекува организација на групни паркиралишта во градежните парцели и градбите чие димензионирање се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите („Сл. Весник на РМ" бр. 25/10).

**Нивелманско решение**

Со изработка на ДУП пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците. Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Во наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволениот. Сообраќајната површина на крстосниците во иднина може да се дефинира со сообраќајни проекти.

## 3.2 Комунална инфраструктура

**Водоснабдување**

Бидејќи се работи за урбан четврт кој е делумно изграден, значи на тој простор веќе има канализациона мрежа која претставува дел од зацртаната основна мрежа, како и усвоена траса за новопланиран водовод. Се предвидува дооформување на истите. Изборот на трасите е извршен според планираната состојба, односно предвидениот распоред на предвидени сообраќајници, односно водокорисници.

**Потребна количина на вода**

Специфичната потрошувачка на вода за индустријата изнесува 30м$^3$/ден/ха, сметајќи на 16 работни часови (две смени). Потребна количина на санитарна вода во индустријата:

- број на вработени во индустријата N=100
- водоснабдителна норма за индустријата по вработен Q=25л/ден/вр.
- коефициент на дневна и часовна нерамномерност а1=1,3; а2=1,5.

Qср. 100 x 25= 2500 л/ден

Qmax/ден=1,3x2500=3250 л/ден

Qmax/час =1,5x3250/24=203,13 л/час

Усвоен процент на минимална часовна потрошувачка на вода; Rmin=1%

Qmax/час =1/100 x 3250 = 32,5л/час

Секундарни проточни количини:

Qсред/ден=2500/86400=0,0289л/сек

Qmax/ден=3250/86400=0,0376л/сек

Qmax/час=32,5/3600=0,009л/сек.

Потребна количина на вода за гасење на пожар:

Према законските прописи потребната количина за гасење на евентуален пожар за населено место до 5000 жители изнесува:

- број на истовремени пожари -1 (еден) најмало количество на вода во л/сек.

Во еден пожар без оглед на отпорноста на објектите q = 10л/сек.

Према законските прописи ако површината на која се наоѓа комплекс за стопански објекти е до 150 ха, се смета на еден пожар, така да за предметниот локалитет со површина од 3.9, ха земено е:

- бројот на истовремени пожари 1 (еден)

- најмало количество на вода во л/сек за еден пожар е земено Q=15л/сек.

Према законските прописи за секој стопански објект да се изработи и елаборат за ПП заштита.

**Фекална канализација**

Во опфатот на дел од ДУП-от има постоечки инсталации на фекална канализација и тоа во јужниот и во источниот дел на планскиот опфат, поточно по постоечката патна инфраструктура. По планираните улици се надоврзува канализационата мрежа. За определување на капацитетот на мрежата за индустрија количината на отпадни води се проценува на 50% од средно дневната потрошувачка на вода (31,25 л/сек) и истата изнесува:

Вкупна количина на отпадни води Qmax/инд = 16 л/сек

Се предвидува фекалната канализација да се изведе со минимален профил Ф300 мм без оглед на расположивите падови.

**Атмосферска канализација**

Не постои постоечки изведен систем на атмосферска канализација во рамките на планскиот опфат. Атмосферските води кои ја напаѓаат урбанизираната зона се надворешни и сопствени. Сопствените води се оние кои се јавуват во границата на планскиот опфат, додека надворешните води се јавуваат надвор од границата на урбаниот опфат и ја напаѓаат истата. Количината на сопствените води ќе се определи во зависност од интензитетот на дождот, сливната површина и коефициентот на отечување, која што количина е меродавна за димензионирање на каналската мрежа. Надворешните води кои потекнуваат од сливните површини надвор од урбанизираната зона, а ја напаѓаат истата формираат порои, односно долови.

Количините на атмосферските води ќе се одредат во зависност од следните параметри:

Q = q x עwx F(л/сек).

Q = вкупна количина на атмосферска вода

q = интензитет на дождот усвоен 120 л/сек/ха

ע = коефициент на истекувањето кој е во директна врска од намената на површината, падот на теренот и планираниот процент на изграденост на разни градски функции.

Минималниот пречник на канализацијата усвоен е Ф300.

**Електроенергетска инфраструктура**

Со новопланираната парцелизација ќе доведе до зголемување на објекти за производство, дистрибуција, сервиси и магацински простори, а со тоа до зголемување на потрошувачката на електрична енергија. За задоволување на потребното и очекуваното во иднина зголемување на потрошувачката на електрична енергија, но и за подобрување на квалитетот и сигурноста во работата на дистрибутивната мрежа, постојните електрични инсталации се зачувуваат и истите се дополнуваат со нови инсталации во сите новопредвидени улични профили. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во

понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа. Во опфатот има спроведена електрична енергија од ЕВН, која е инсталирана преку:

- трансформаторска станица (ГП 6)
- 35(110) кВ надземна мрежа
- 10(20) кВ надземна мрежа
- 10(20) кВ подземна мрежа
- 0.4 кВ подземна мрежа со што во глобала се задоволени актуелните потреби.

За секоја горе споменета електрична инсталација, со планската документација се предвидни заштитни водови, димензионирани согласно член 138 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РСМ” бр. 191/19), донесени врз однова на член 96 од Законот за енергетика („Сл. Весник на РМ” бр. 96/18 и 96/19). Во рамките на дефинираните заштитни појасни не е дозволено планирање на нови површини за градба.

Од трафостаницата се планира да се напојуваат со електрична енергија новопланираните индустриски објекти. Од нејзината северна страна минува постоечки среднонапонски надземен вод од 10кВ и среднонапонски кабелски вод, за кој е предвиден заштитен појас од двете страни по 7 м или вкупно 14м. Во границите на планскиот опфат минува и среднонапонски надземен вод од 35кВ каде е предвиден заштитен појас од двете страни по 7 м или вкупно 14,0м.

Едновремената електрична снага за сите објекти:

Pe1=51 635.64м$^2$x0,8x0,06 kW/м2x0,5=2478kW

Доколку со формирање на нови производни процеси се дојде до потреба за нови трафостаници, ќе се обезбедат локации со урбанистички проект. Нисконапонскиот развод како и осветлувањето на улиците ќе се изведе спрема посебни проекти изработени од соодветни стручни лица.

Кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми. За електроенергетските објекти и инфраструктура планирани се заштитни појаси, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. При изведба на градежни активности во близина на постројки на ЕВН Електродистрибуција, треба особено да се обрне внимание на:

- Навремено пред почетокот на градежните работи во близина на кабли и воздушни водови со ЕВН Електродистрибуција треба да се координира изведбата на градежните работи.
- При работа во близина на високонапонски кабелски и воздушни водови, треба да се придржува кон упатсвата за превенција од предизвикување штети за работниците ракувачи со кранови и багери, за заштита на каблите и условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали во близина на кабелски водови на ЕВН Електродистрибуција,

- Да се запазат сигурносните растојанија на ново предвидениот објект од дистрибутивната мрежа за електрична енергија согласно законските и подзаконските прописи,
- Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Електродистрибуција, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација на ЕВН Електродистрибуција,
- Во случај на причинување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот да ја надомести штетата на ЕВН Електродистрибуција.

**Телекомуникациска инфраструктура**

Македонски телеком АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски Телеком, А1. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат: Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:

- региони, општини, населени места,
- подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
- сообраќајна и транспортна инфраструктура,
- изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ. За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми. Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

# 4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

## 4.1 Карактеристики на просторот

Територијата што ја зафаќа општина Штип лежи во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Големината на просторот во границите на Општината изнесува 556 км$^2$, односно 3,1% од површината на Републиката.

Се граничи со седум општини: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци. Сообраќајните контакти со овие општини се различни по интензитет. Најдинамични се врските со Светиниколската, Радовишката и Кочанската општина. За вкупниот развој на Општината, особено на Штип како централна и урбана населба, од особено значење е положбата на Општината во однос на Источна Македонија и Повардарјето. Овде се крстосуваат повеќе значајни патни правци кои водат преку Источна Македонија кон Средечка Висорамнина и долината на реката Струма, кон Повардарјето на југ и кон сливот на Пчиња на север.




### 4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Сообраќајниот систем во Општината го сочинуваат патниот и железничкиот сообраќај. Релативно добро е опслужен просторот околу магистралните патишта и железничката пруга, за разлика од ридско-планинските простори, подрачјата на планините Плачковица и Серта, како и рамнинските предели оддалечени од магистралните патишта.

Вкупната должина на патната мрежа изнесува 377,5 км, од кои 47 км се магистрални патишта, 22,5 км регионални и 308 км локални патишта.

Низ општината поминува магистралниот пат А3 (Штип-Кочани-Делчево), кој е поврзан со автопатот Е-75 (Скопје-Гевгелија), преку патниот

правец Штип-Велес и со регионалниот пат Р2 334 (Штип-Карбинци-Планина Плачковица). Исто така, Штип се поврзува со магистралниот пат А4 (обиколница Скопје-Св. Николе-Овче Поле-Кадрифаково-Штип-Софилари), како и регионалниот пат Р1 103 (Лакавица-Неготино-Кавадарци-Дреново).

Единствена железничка линија која поминува низ Општината во должина од 25 км е линијата Велес-Штип-Кочани, со вкупна должина од 85,5 км. Крстосувањето на железницата со патната мрежа е во ниво. Степенот на искористеност е мошне низок и изнесува 30 - 33% од дневниот капацитет.

Општината има два стопански и еден спортски аеродром. Тие во целост ги задоволуваат потребите на Општината за стопанска и спортска авијација.

### 4.1.2 Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Општина Штип се карактеризира со изразито хетерогени орографски особености условени со мошне динамична рељефна структура во која се застапени рамнински делови претставени со дел од Овче Поле, Ежово Поле и котлините по река Брегалница и Крива Лакавица, ритчести простори и планински рељеф на Плачковица, Серта и Конечка. Разновидната физиономија ја потенцираат и височинските разлики кои се движат од 204 м по течението на реката Брегалница до 1.676 м на планината Плачковица. Во Општината доминира рамничарско - ридското земјиште, бидејќи површините до 500 мнв заземаат 65,1% од вкупната површина на Општината.

Ваквата рељефна структура укажува дека Општината не претставува единствена природна целина. Според морфолошките карактеристики, во неа јасно се издвојуваат 4 природни целини: долината на Брегалница, Криволакавичката долина, Ежево Поле со дел од Овче Поле и западните падини на планината Плачковица.

### 4.1.3 Геолошки карактеристики

Геотектонски, територијата на општина Штип припаѓа на Вардарската зона и Родопската маса кои меѓусебе според геолошките формации се доста издиференцирани. Теренот е изграден од палеозојски метаморфни и магматски карпи, мезозојски седименти, терциерни седименти и вулкански карпи и најмладиквартерни седиментни и вулкански карпи. Територијата на општина Штип е сиромашна со рудни наоѓалишта. Магнетит и малахит се појавува југоисточно од селото Долани и кај селото Криви Дол, но немаат економско значење. Од неметалите значајни се младите вулкански карпи кои можат да се користат како градежен камен, од кои особено значаен е базалтот од Ежово Брдо. Се среќаваат и мермери погодни за добивање на вар. Алувијалните наслаги се претставени со чакали, песоци и песокливомусковитски глини, а се наоѓаат покрај речните текови на Брегалница и Крива Лакавица.

### 4.1.4 Хидрографија

Сиромаштвото со извори, кратки и мали водотеци и изразени поројни текови, во хидролошка смисла општината Штип ја подредуваат меѓу хидролошки посиромашните подрачја во Републиката. Најголем воден потенцијал претставуваат водите на реката Брегалница.

Општината целосно припаѓа на сливот на реката Брегалница, која поминува низ нејзиниот централен дел и ги прибира сите помали речни текови од нејзината територија. Хидрографската мрежа во Општината ја сочинува Брегалница со нејзините притоки: Плачковица, Козјачка, Сува Река, Отиња, долен тек на Злетовка, долен тек на Лакавица и долен тек на Св. Николска.

Според геолошкиот состав, подрачјето на Општината е сиромашно со издани со поголем капацитет. Од вкупно регистрирани 120 извори, 108 се со издашност од 1 л/сек. Со издашност од 1-5 л/сек има 8 извори, од 5-10 л/сек 2 извори и од 10-15 л/сек 2 извори. Во Општината има извори на термоминерални и минерални води од кои посебно внимание заслужуваат локалитетите: Кежовица, Л́џи и Јагмуларци. Овие води според своите карактеристики се доста лековити.

Геолошкиот состав, слабата вегетациска покривка и неправилното користење на земјиштето условуваат голем дел од Општината да е зафатен со ерозивни процеси.

Вкупно се регистрирани 39 поројни текови од кои 12 припаѓаат на I, II и III категорија. Ерозивните процеси зафаќаат значителен дел од површината на Општината, а ги зафаќаат просторите источно од р. Брегалница, западните падини на Плачковица, сливот на р. Отиња, ободните страни на Криволакавичка долина и поголем дел од просторот низводно од Штип.

### 4.1.5 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Просторот на општина Штип е отворен на североисток кон Овче Поле и по долината на Брегалница кон Вардарската долина, што условува влијание, од една страна на умерено-континентална клима и од друга страна на изменето-медитеранска клима. Овие влијанија резултираат со изразити колебања на средногодишните и екстремни температури, поизразена честина на тропските денови од мразните и појава на изразито сушни лета.

Просечната годишна температура изнесува 12,8°. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 1,4°, а најтопол јули со 23,7°. Овче Поле спаѓа во подрачје со малку врнежи, со просечна годишна сума од 506 мм. Врнежите се доста нерамномерно распоредени во текот на годината, со максимум во мај (60,1 мм и минимум во август 27,4 мм). Релативно сушни месеци се јануари, февруари, март, април, јули, август, септември и декември. Врнежите се главно од дожд. Снегот учествува само со 9%, а просечно годишно се јавуваат 18 дена со снежна покривка. По еден ден секоја година се јавуваат и врнежи од град.

Сончевиот сјај изнесува 2.377 часови годишно со максимум во јули 327 часа, односно 10,5 часови дневно. Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината посепено се намалува од јануари до август.

Маглата не е честа појава, но се јавува скоро во сите месеци како ниска магла. Овче Поле е доста ветровито подрачје. Со најголема зачестеност е северозападниот ветер, просечно годишно 196‰ и со брзина од 5,2 км/сек. Најчесто дува во летните месеци (јуни - август). Втор по честина е југоисточниот ветер, средно годишно 183‰, но со најголеми брзини и со јачина од 6,7 м/сек. Најчесто дува во пролет и во есен. Во целина, подрачјето на Општината е поветровито во пролетниот и во летниот период од годината кога тишините се движат средно-месечно од 340-400‰, додека во втората половина од годината тишините се околу 500‰.

### 4.1.6 Население

Вкупниот број на население во Општината според Пописот во 2021 година 44.866 жители.

Природното движење на населението искажано преку индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст, покажува тенденции на постојано намалување на стапките, што резултира со релативно посмирен процес на репродукција на населението. Механичкиот прираст на населението е со негативно салдо.

Кај старосната структура на населението присутна е тенденција на опаѓање на учеството помладите возрасни групи, за сметка на работоспособното население и групите над таа возраст.

Присутна е и тенденција на намалување на просечниот број членови на домаќинствата.

Околу 70% од населението спаѓа во категоријата работоспособно, а околу 71% од нив е активно население.

Во оваа Општина карактеристичен е висок процент на неземјоделско население (96,4%), што е повисок од Републичкиот и од другите општини во регионот на Источна Македонија.

Во просторните рамки на општина Штип населението е сконцентрирано во 44 населби, од кои 43 се селски и една градска населба.

### 4.1.7 Економски карактеристики и стопански развој

Развојот на стопанството во последните неколку години беше под силно влијание на општите услов и за стопанисување во РМ, со силен белег на карактеристиките на транзицијата и со нагласени реформските зафати во сите сфери на општественото живеење: сопственичка трансформација, афирмација на стоковото производство, приватизација и преструктуирање на претпријатијата.

Влошените услови на стопанисување и неповолните наследени тенденции условија повеќегодишен осетен пад на производството.

Транзициските проблеми ги доведоа во незавидна положба некогашните индустриски гиганти (Македонка, Астибо) по кои Штип долги години беше препознатлив и со право го носеше епитетот на Македонски Манчестер.

Штип во процесот на транзиција влезе со значаен и недоволно искористен материјален и кадровски потенцијал поради нефлексибилна стопанска структура, несоодветна организираност и изострени услови на стопанисување. Недоволната искористеност на капацитетите и расположивите ресурси резултираше со забавување на развојот, стагнација и заостанување.

Како последица на сопственичкото и производствено преструктуирање на постојните претпријатија, а особено новорегистрираните фирми, зголемен е бројот на претпријатија во сите дејности. Најголем дел од новоформираните стопански субјекти се мали фирми, кои лесно се трансформираат. Носител на развојот се уште е текстилната индустрија, со преку 70 приватни конфекции. Застапена е и текстилно-кожарската индустрија Баргала, а со повеќе или помалку проблеми и понатаму функционираат Селена, Метална, Агроалумина, Макпромет, како и повеќе градежни фирми. Во Општината делуваат и повеќе агроиндустриски претпријатија, сточарски фарми, кланица со ладилник, дестилерија и др.

Процесот на преструктуирање овозможи и порационално користење на просторот и лоцирање на новоформираните фирми врз пазарни основи на слободен простор во рамките на постојните локации на други стопански субјекти.

Во услови на опаѓање на стопанската и инвестиционата активност и преструктуирање на стопанските субјекти, вработеноста во Општината покажува осетно намалување. Прилагодување на реформските промени, со цел да се постигне поголема продуктивност и реализира определбата за попродуктивно работење и воведување нови технолошки решенија, услови отпуштање на вишокот на вработените.

Според расположивите податоци за годишниот просек во 1994 година бројот на вработени во општината изнесувал 19.631 лица од кои 15.829 или 80,6% се вработени во стопанството. Најголем дел од вработените во стопанството се концентрирани во индустријата (9.497 лица што претставува околу 60% од вкупниот број вработени во стопанството). На второ место со 2.338 вработени или 14,8% е земјоделието, потоа со 1.712 вработени или 10,8% е трговијата, а на трето место со 959 вработени или 6,05% е градежништвото. Структурното учество на останатите области во стопанството е релативно ниско. Од нив позабележително учество имаат градежништвото, сообраќајот, угостителството и туризмот.

### 4.1.8 Природно и културно наследство

Врз основа на досегашните истражувања и сознанија и валоризацијата на природните вредности во Република Македонија, а согласно Законот за заштита на природни вредности и реткости, на подрачјето на овој опфат нема евидентирано простори и објекти со посебни природни карактеристики.

Согласно Законот за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

Согласно допис добиен од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, се констатира дека во граници на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

## 4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејствувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

### Воздух

Главен извор на загадување е индустријата која во екосистемот емитира, гасови, пареи, чад магла, прашина и ареосоли. Загадувањето на воздухот најповеќе е резултат на преработка на сулфидни концентрации на обоени метали, како и на согорување на кокс и други карбофилни горива во индустријата и домаќинствата.

На загадувањата на воздухот многу влијае топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично загадување е во услови на отсуство на хоризонтално и вертикално струење на воздухот, особено кога е истото проследено со температурни инверзии.

Најрационален и ефикасен начин за заштита на животната средина од штетните влијанија врз воздухот е превентивното делување и спречување на продукција на штетни емисии во самите извори на нивно создавање. Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува присуството на гасови, прашини и други штетни материи кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемите и природните создадени вредности.

Општина Штип е веројатно еден од ретките простори во Републиката кој може да се пофали со чист воздух. Основна причина за ова е непостоење на тешка индустрија која е еден од основните извори на аерозагадување.

Постојаното присуство на ветар, од друга страна обезбедува перманентна аерација, така да дури и смогот е многу ретка појава. Меѓутоа, постојаното зголемување на бројот на моторни возила секако е и потенцијална опасност по квалитетот на воздухот, поради емисија на чад и издувни гасови, особено во централното градско подрачје.

Интензивниот развој на сообраќајот, високофреквентните сообраќајници и другите сообраќајно прометни места, особено во критичните периоди на денот се висок потенцијален ризик, кој упатува на потребата од будно следење на состојбата што е предуслов за брзо реагирање во случај на влошување на состојбата.

Една од мерките за реализација на превентивниот пристап во заштитата на воздухот е обезбедување на солидно согорување во огништата на разните горивни инсталации и добра карбурација на горивата во моторите со внатрешно согорување.

Исто така, значајни мерки кои придонесуваат за надминување на проблемот со загадување на воздухот се:

- изградба на широки улици кои овозможуваат брзо проветрување;
- зголемување на површините со зелени насади и дрвореди;
- подобрување на коефициентот помеѓу изградените и слободните површини;
- подигање зелени појаси околу индустриските зони, производните капацитети, резервоарите за вода и др.

**Идентификација на проблемите**

- Голема концентрација на индустриски објекти на територијата на Општината.
- Појава на голема густина во сообраќајот за време на работните денови (појава на шпицови).
- Недостаток на сеопфатни и сигурни податоци за емисиите со загадувачки супстанци и квалитетот на воздухот за општина Штип.
- Употреба на горива при чие согорување се емитираат значителни количества на загадувачки супстанции, посебно кај домашните ложишта.
- Употреба на застарена опрема и стара технологија во индустрискиот сектор.
- Употреба на горива со висока содржина на сулфур и возен парк со стари возила.
- Недостатоци на системот за проценка на здравствените и на еколошките ризици од штетното влијание на атмосферските загадувања.
- Недоволна соработка на инволвираните страни во процесот на управување со воздухот.
- Незастапеност на алтернативните извори на енергија на пазарот.

## Вода

Негативните влијанија на отпадните води во најголем дел се рефлектираат на квалитетот на водата на реципиентите, потоа на подземните води, почвите, здравјето на луѓето и живиот свет во коритата на реките. Загадената вода од реките која се користи за наводнување на земјоделските површини ги загадуваат и земјоделските култури преку кои индиректно се пренесуваат штетните материи во храната, а со тоа предизвикуваат зарази и други заболувања кај луѓето.

Непрочистените отпадни води што се испуштаат во реките вршат загадување на водата, но и на подземните води кои се наоѓаат во близина на загадените реки. Користењето на подземните води за пиење или наводнување, директно влијае врз здравјето на луѓето и загадување на земјоделските култури.

Општина Штип се наоѓа во делот од Македонија кој е исклучиво дефицитарен со вода. Основен извор за водоснабдување се водите од р. Брегалница, односно подземни води кои се резултат на инфилтрација на речната вода на Брегалница која преку хидраулична врска со водоносните слоеви се акумулира во приобалните водни басени. Водата се зафаќа од три водозафатни локалитети: Фортуна, Штипско езеро и АРМ. Вкупниот капацитет се движи од 240-300 л/с во зависност од хидролошките услови. Физичко-хемиските карактеристики на бунарската вода се: зголемена концентрација на манган и железо, поради што истата е неупотреблива за водоснабдување без претходен третман. Врз издашноста на бунарската вода влијаат следните фактори:

- протокот на вода во р. Брегалница,
- температурата на воздухот и почвата,
- нивото на подземни води,
- степенот на загаденост на речната вода.

Врз квалитетот на водата за водоснабдување во целата Општина директно влијае нарушениот квалитет на водите на р. Брегалница која претставува реципиент за отпадните индустриски води за голем дел од стопанските капацитети, директно или преку нејзините притоки. Ова како појава е присутно и кај капацитетите кои територијално припаѓаат на соседните општини (Карбинци и др.), кои своите отпадни води ги испуштаат во водотеци кои се вливаат во р. Брегалница и на тој начин посредно влијаат врз квалитетот на нејзините води.

Исто така, не редок е случајот на испуштање на отпадни води во близина на бунарите за водоснабдување на селските населби. Контрола на квалитетот на водата во градот со нас. Три Чешми, е во надлежност на ЈЗО Републички завод за здравствена заштита од Скопје кој врши годишна комплетна физичко-хемиска, радиолошка и анализа на пестициди; ЈЗО Завод за здравствена заштита Штип, каде два пати неделно се врши мала хемиска анализа на сирова и преработена вода и Лабораторијата во фабриката за преработка на вода каде се врши секојдневно мала хемиска и бактериолошка анализа.

Во населените места с. Караорман, с. Долнени и с. Драгоево кои имаат системи за водоснабдување, контрола на квалитетот на водата се врши еднаш месечно од страна на ЈЗО Завод за здравствена заштита од Штип. Во останатите селски населби кои немаат системи за водоснабдување, односно се водоснабдуваат преку бунари, чешми или индивидуални системи, нема контрола на квалитетот на водите, а третманот се сведува само на хлорирање, нема следење на квалитетот на водата и затоа постои перманентен ризик по здравјето на луѓето и животната средина.

Градот Штип има изградено канализациона мрежа за одвод на фекални и индустриски отпадни води (системот е сепаратен), изграден во периодот од 1960 до 1996 година со вкупна должина од 97,7 км. За прифаќање на фекалните и индустриски отпадни води, во 1990 година е изграден колектор со вкупна должина од 13.500 м и профил Ф300-Ф1200 мм, како и уште четири споредни колектори со помал профил.

Основна слабост на постојниот градски канализационен систем е нефункционалноста. Имено, поради малите профили на канализационите цевки, честа е појава на тесни грла и запушувања. Новоизградените колектори пак не се ефективно искористени, бидејќи голем дел од постојните станбени и деловни објекти не се приклучени и нивните отпадни води слободно се излеваат во коритото на Брегалница.

Ова особено се однесува на поголем дел од индустриските објекти кои воопшто не се приклучени на канализациониот систем, а со тоа и на колекторите.

**Идентификација на проблеми**

- Водоснабдувањето на населението во Општината е проследено со: загуби на вода, недоволен притисок, диви приклучоци, застарена мрежа, недоволен резервоарски простор и недоизграденост на водоводниот систем.
- Недостиг на податоци за следење на количеството и квалитетот на отпадните води од индустријата.
- Непостоење на мониторинг на квалитетот на водата.
- Непостоење на пречистителна станица.
- Недоизградена фекална мрежа во градот.
- Лоши карактеристики на постојната фекална мрежа (мали профили).

## Отпад

Човекот со својата активност продуцира големи количини на цврст отпад. Со процесот на индустријализацијата, урбанизацијата и зголемување на стандардот на живеење, овие количини покажуваат тренд на пораст. Комуналниот и технолошкиот-неопасен отпад е во корелација со развојот на Општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од човекот и терцијарните дејности (трговија, угостителство и туризам), а технолошкиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности.

Депонирањето на цврстиот отпадни материи кои се производ на животните и работни активности на луѓето е еден од посериозните проблеми во Општината.

Комуналниот отпад се депонира многу блиску до градот на локалитетот Крст, до населбата Пребег, кое локациски се наоѓа над рекреативниот центар Кежовица, односно над р. Брегалница која е извор на вода за пиење.

ЈП Исар има назначено две локации за депонирање на шут, но бидејќи истите нередовно се празнат и нема простор за ново одлагање, граѓаните го депонираат шутот по диви депонии кои им се најблиски.

Индустрискиот отпад се депонира на истите локации (Крст и диви депонии). Со оглед на доминација на текстилната индустрија, структурата на отпадот во најголем дел се отпадоци од материјали, кои ветерот ги разнесува на големи далечини.

Проблеми создава и пластичната амбалажа, која не се селектира од останатиот отпад, поради недоволна количина на канти за складирање на отпадот.

Општината нема депонија за изумрени животни, ниту пак депонија за медицински отпад.

Привремената депонија не ги задоволува минималните санитарни стандарди и прописи. Нема никаква инфраструктура (вода, електрична енергија), нема средства за дезинфекција, јама за пцовисани животни и др. Отпадот се одлага без никаков третман (само се нивелира и затрупува со земја и песок), а поради непосредната близина на елитна станбена населба и рекреативен центар, таа објективно претставува сериозен потенцијален извор на заразни заболувања и епидемии.

За отстранување на цврстиот отпад во градот е задолжено Јавното претпријатие Исар.

**Идентификација на проблеми**

- Непокриеност на целата територија на Општината со организиран систем на собирање на комуналниот отпад;
- Постоење на голем број диви депонии со различен капацитет кои штетно влијаат врз сите медиуми на животната средина;
- Непостоење на податоци за количините и видовите на сите видови на отпад на територија на Општината;
- Недоволна екипираност на општинскиот кадар кој ќе ги следи и контролира состојбите во управувањето со отпадот врз основа на Законот за управување со отпад;
- Недоволна свест кај населението за проблемите предизвикани од непотполното управување со отпад (непостоење на интегриран систем за управување со отпад).

## Почва

Квалитетот на почвите претставува основен предуслов за остварување на одржливиот развој. Современите процеси на урбанизација и особено користењето на земјиштето за стопански цели најдиректно влијае врз интензитетот на користење на земјиштето и промената на неговиот квалитет. Постојат многу причинители кои предизвикуваат оштетување и загрозување на земјиштето: загадените отпадни води, исталожените честици од воздухот (тешки метали и сл.), ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства во земјоделството, сообраќајниците, депониите, урбаните и руралните населби, добиточните фарми со несоодветна изградба на помошни објекти, викенд населбите, инфраструктурните системи и др.

Користењето на арско и вештачко ѓубре и пестициди се одвива без соодветна контрола. Некои пестициди имаат висока токсичност со голем ризик по здравјето на човекот и негативни влијанија врз растенијата, животните и екосистемот.

За да се спречат негативните последици од примената на хемиските препарати и вештачките ѓубрива во земјоделието, неопходно е да се намалат количините на оптималното ниво и едновремено нивно супституирање со воведување и примена на био пестициди и органски ѓубрива со кои се обезбедува продукција на здрави и еколошки чисти производи.

Биопестицидите претставуваат живи организми, микроорганизми или производи на нивните животни процеси. Хигиенските предности од употреба на биопестицидите се:

- отсуство на негативни ефекти врз флората и фауната,
- отсуство на загадување на животната средина,
- отсуство на резидуи (остатоци) во хранливите продукти,
- нерегистрирана отпорност кон нив.

**Идентификација на проблеми**

- Загадување на почвата од употреба на хемиски средства.
- Нестручна употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива.

## Бучава

Една од негативните последици на техничко-технолошкиот развој е бучавата. Нејзиното влијание е присутно во сите сфери на човековото живеење и се повеќе претставува проблем на кој треба да му се обрне целосно внимание. Општината Штип, сама по себе, не е поштедена од оваа појава, туку напротив, трендот на нивото на непријатна бучава постојано се зголемува. Најчеста причина за појава на штетна бучава, т.е. бучава над максимално дозволено ниво (МДН) се сообраќајните средства и производните и услужните машини и алати. Исто така, се почести се случаите на енормно гласна музика од рестораните и кафулињата кое воопшто не се санкционира од страна на надлежните органи.

Со зголемување на бројот на населението и пренаселеноста на градовите, брзото темпо на индустрискиот развој, модернизацијата и автоматизацијата на животните услови, луѓето од ден на ден се повеќе се судруваат со проблемот на бучавата. Кога зборуваме за бучава во градот се мисли на т.н. еколошка бучава, односно комунална бучава. Еколошка бучава е бучава која ја реципираат луѓето надвор од домаќинствата и работните места.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај,
- Производни и деловни процеси,
- Бучава од ентериерно потекло (станбени згради, трговско деловни центри и сл.),
- Бучава од угостителски објекти.

## 4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Штип и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина за општина Штип и поширокиот регион.

| Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Води | Воздух | Отпад | Климатски фактори | Население | Материјални добра |

Елементи на СОЖС

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и создавањето на стакленички гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

| **Елементи на Стратегиската оцена на животна средина** | **Проблем** | **Релевантно опфтен проблем** |
|---|---|---|
| Воздух | Нарушен квалитет на воздухот од постоеође на индустриски објекти со интензивна емисија на загадувачки материи, употреба на нафта како агенс за затоплување, зголемен сообраќај | x |
| Вода | Нарушен квалитет на реципиентите како резултат на испуштање комунални отпадни води | x |
| | Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето | x |
| Отпад | Постоење на диви депонии | x |
| Почва | Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аероседименти | x |
| | Деградација на почвите | x |
| Предел | Деградирани предели | x |
| | Недоволна застапеност на зелени површини во општината | x |
| Население | Голема невработеност | x |
| Климатски фактори | Користење на огревно дрво за затоплување | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | x |

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

# 5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на планскиот документ за Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку овој план не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Ограничен развој на општината;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина преку интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и создавање на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Отсуство на финансиски инвестирања што би се довело до слаб економски развој на стопанството;
- Пораст на миграција кон поразвиените центри;
- Намален животен стандард;
- Нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста од идни потенцијални инвестиции за економски-одржлив развој.

Доколку не се реализираат предвидените решенија во рамки на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој.

# 6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат, општината и државата.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непလански и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина;
- Искористување на слободни површини со нелегални градби.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност;
- Зајакнување на можностите за одржлив економски и социјален развој на регионот;
- Запирање на економската миграција;
- Развој на локалната самоуправа преку плаќање на даноци, комуналии и други давачки;
- Зголемување на вредноста на земјиштето;
- Со предвидената содржина ќе овозможи остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти.

Со примена на претходните критериуми се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел и анимирањето на интересот кај странските инвеститори за реализација на предложените програми за инвестирање во дравата како ориентација во актуелните економски тенденции.

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти во останатите дејности

непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложениот Урбанистички проект ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

- Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;
- Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;
- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси преку нивно одржливо користење, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;
- Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Можност за користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност и
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Треба да се има во предвид, дека целите на планскиот документ за одржлив економски развој со своите пропратни содржини и неопходната инфраструктура, во еден дел може да биде во конфликт со животната средина и тоа би било изразено преку краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгорочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Поради ова, се предложени мерки за заштита на медиумите од емисија на отпадни материи, од емисија на бучава, генерирање на отпад, различни непогоди и хаварии. Исто така, како составен дел на Извештајот за Стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или

ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

# 7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Штип.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

## Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на планот ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој. Исто така, ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој. Ова од причина што инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значи отворање на нови работни места и зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеење.

## Влијание врз човековото здравје

Заради намената на објектите предвидени надвор од зоната на домување и индивидуалните стамбени објекти не се очекува истите да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила и тешката механизација ќе се покачат во време на изведување на градежни активности.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортикултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето што е опфатено и со планската содржина во планскиот опфат каде ќе се имплементира планот.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планските решенија дефинирани со овој план ќе има позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, подобрување на начинот на живот, зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот и сл.

## Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба-изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

- Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности, од градежните материјали кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;
- Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;
- Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Евентуалните влијанија од овој вид ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, што е и законска обврска.

## Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има климатски промени.

Постои опција од искористување на обновливи извори на енергија, соларната енергија како енергетски ресурс кои би ги користеле објектите.

## Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа треба да се очекува зголемена бучава. Со оглед на местоположбата на планскиот опфат, надвор од населено место се смета дека бучавата ќе биде занемарлива.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

## Влијание од вибрации

При изведба на градежните активности може да се очекуваат вибрации, но тоа ќе бидат со со ограничен интензитет и времетраење.

## Влијание врз квалитетот на водите

Ако неправилно се управува со отпадните води може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште. Планските решенија за комуналната инфраструктурна мрежа и одведувањето на фекалните и атмосферските води од објектите нема да дозволат истите неконтролирано да се испуштаат.

Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде резултат од неправилно управување со отпадот. Влијанијата врз водите во оперативната фаза се оценуваат како можни негативни влијанија.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска и во таа насока ќе се предвидат посебни мерки согласно законската регулатива.

## Влијание врз почвата

Со имплементација на овој план ќе се оствари рационално користење на земјиштето, односно целокупната површина ќе се осмисли со наменска

содржина која ќе резултира со веќе споменатите придобивки. Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветно управување со санитарните води, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Индиректно, негативно влијание на почвата како резултат на издувните гасови од возилата и емисиите од планираниот опфат во планскиот опфат се проценуваат како не многу значајни со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидените објекти.

Поцелосна анализа од сите аспекти на евентуалните влијанија врз почвата ќе бидат предмет на посебни студии или елаборати согласно Законот.

## Влијание врз пределот

При изградба на објектите и инфраструктурата може да се предизвикаат негативни влијанија врз пределот како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

## Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Според Законот, доколку се појави некое археолошко наоѓалиште ќе се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

## Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Голем број на активности кои би се одвивале со реализацијата на планскиот опфат може да предизвикаат нарушување на биолошката рамнотежа во областите каде што тие се одвиваат и да имаат директно или индиректно влијанија врз објектите и подрачјата заштитени или предложени за заштита како природно наследство. Потенцијални влијанија можат да се јават како резултат на прекумерната урбанизација, лошата комунална инфраструктура, несоодветното депонирање на отпадни материи и сл.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз флората и фауната ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на овој план ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето во регионот.

## Влијание по однос на генерирање на отпад

При реализацијата на планираната инвестиција во планскиот опфат за очекување е генерирање на градежен и земјен отпад и тоа при изведувањето на довод на електрична енергија, канализациона мрежа и водоснабдување. Со планскиот документ треба да биде предвидено отпадот при градбата да се собира и превзема од страна на јавното комунално претпријатие или друг правен субјект.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност.

Ова ќе биде предмет во понатамошните фази и превземање на соодветни мерки преку изработка на студии или елаборати за заштита на животната средина.

## Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно објектот е лоциран така да е пристапен за пожарните возила, а ширината на пристапот да овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектите.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Деталната анализа на овие влијанија ќе биде со студиите или елаборатите согласно Законот и се обврска да се изготват во подоцнежните фази на реализација на објектите.

# 8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план, Националниот Еколошки Акционен План, секторските студии, за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од пасивниот пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во депонија;
- Зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;

- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

Реализација на планската документација ќе влијае во насока на намалување на економската миграција на локалното население и ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој како и зголемување на наталитетот на долгорочна основа. Инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето, како и привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот.

Според тоа, може да се каже, дека имплементацијата на планот ќе има позитивни долгорочни влијанија врз развојот на демографските карактеристики на општина Штип и пошироко.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и транспортирање до местото наменето за отпад. Отпадна вода потребно е соодветно да се постапува согласно планската документација. Доследното спроведување на планските решенија, ќе доведе до директна заштита на човековото здравје. Примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планскиот простор ќе се зголеми економскиот раст и ќе се намали бројот на невработени во регионот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

При проектирање и реализација на планот потребно е да се применат современи техники кои го заштитуваат воздухот од загадување. Објектите од аспект на еколошка заштита не смеат да ја нарушат постојната еколошка рамнотежа и истите е потребно да бидат изведени согласно сите стандарди и нормативи од ваков вид.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата. Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето на објектите, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на планот се предлагаат следните мерки:

- Користење на современи транспортни средства и механизација при вршење на градежните работи, согласно стандардите на ЕУ;
- Избегнување на користењето на дрвата и фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на мали котли за загревање со најсовремени горилници и употреба на гориво со мала содржина на сулфур, користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии или создавање можност за искористување на обновливи извори на енергија;
- Подигање на зелени зони на ниско и високо зеленило околу граничната линија на планскиот опфат;
- При планирањето и изградбата на објектите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Користење на обновливи извори на енергија како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во опфатот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини, односно да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и дополнително намалување на евентуалното аерозагадување.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот на микро план и поширокиот регион или климатски промени. Мерките за намалување на влијанијата се примена на дејности со примена на современи техники и инсталации, употреба на обновливи извори на енергија, употреба на еколошки горива за превозните средства, подигање на заштитни зелени појаси во и околу кругот на опфатот.

***- Мерки за заштита од бучава***

Прашањето за намалување на проблемите со бучавата треба да се решава со обезбедување на линеарно зеленило. Исто така, во опфатот да се предвидат заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади за додатно смалување на аерозагадувањето и бучавата.

При планирањето на објектите потребно е да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

***- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации***

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата***

Ерозијата на подлогата е природен процес, кој што егзистира низ геоисторијата и најголем осврт се дава на т.н. забрзана ерозија, каде што интензитетот на нормалната (геолошка) ерозија е неколку пати зголемен поради хуманите активности. Ерозијата на почвата е означена како најзначаен, најопасен и најраширен тип на деградација на почвата и е лимитирачки фактор за одржливо користење на земјиштето. Почвата може да биде еродирана поради дејство на ветер и вода. Овој извештај не е во можност да даде детали за противерозивните и противпоројните мерки за содржината во опфатот. Деталниот обем на мерки и активности, нивната прецизна локација и површинска поставеност во просторот, ќе бидат дефинирани со основни-изведбени проекти, врз основа на детални геодетски, геотехнички и други теренски снимања и проспекции.

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- пред започнување на нова градба, инвеститорот да организира собирање на градежниот отпад, негово депонирање или искористување во инвестиционите активности;
- интегрирано управување со комуналниот отпад и негова селекција.

За чиста и незагадена почва треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето во објектите. Доследната примена на планските решенија од страна на инвеститорите ќе биде доволна гаранција за евентуалните влијанија (загадување и ерозија) да бидат сведени на минимум.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната***

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), урбанистичката планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објект кој ќе се усогласи со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Во Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип нема евидентирано, ниту регистрирано природно наследство.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот***

Предвидената содржина во планската документација треба да биде вклопена во околниот пејзаж и да придонесе кон зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Со изработка на планот просторот добива нова димензија во функција на зголемување на атрактивноста на подрачјето и зголемување на неговата вредност.

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание на пределот, ќе делува како една осмислена урбанизирана целина во која покрај објектите треба да се предвидат зелени површини со хортикултурно уредување.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра***

При спроведување на стратегија за организација и користење на просторот за економски активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност, заштита на природните и создадените ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациска флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот. Имплементацијата на планскиот документ има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за влијанијата.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство***

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес. На самиот плански опфат не се очекуваат негативни влијанија на културното наследство, со оглед дека не се евидентирани археолошки или културни споменици.

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

***- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад***

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За комуналниот отпад се препорачува собирање во контејнери за отпадоци, определување на места за подигање на отпадот.

- Во оперативната фаза на планираните објекти, градежниот отпад да се собира, селектира и истиот кој ќе нема употребна вредност да се превзема од страна на комуналното претпријатие или овластено правно лице;
- Комуналниот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Интегрално управување со отпадот;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води***

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува на нивна монтажа,

експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се поставаат во се према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето.

Идентификувани извори на емисии на отпадни води во опфатот ќе бидат санитарните води. Ако неправилно се управува со истите може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште и здравјето на луѓето.

Секој субјект е должен во текот на своите активности да превзема мерки со кои ќе се спречи загадувањето на водите и да избегнува активности кои би предизвикале ризици и негативни ефекти врз животната средина.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно прекривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградувањата на нагибите;
- Пред почетокот на било какви градежни работи неопходно е приклучување на водоводна и канализациона мрежа;
- Канализациониот систем да биде решен по сепарациски систем (да биде одвоено одведувањето на фекални и атмосферски води);
- Соодветен третман на отпадните води, односно приклучок во пречистителна станица доколку за тоа е потребно;
- Соодветно управување со отпадот;
- Правилно складирање и чување на суровини за работа;
- Запазување на целите на животната средина и почитување на поставените стандарди.

За посебни објекти ако има потреба ќе се изработат програми за контрола и обезбедување на квалитетот на соодветните производни програми за миење и санација на опремата и просторот.

***- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии***

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската за планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти и тоа:

- Законот за одбрана („Сл. Весник на РМ” бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15);
- Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ” бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16);
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места („Сл. Весник на РМ” бр. 80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето („Сл. Весник на РМ” бр. 93/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл. Весник на РМ” бр. 105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони („Сл. Весник на РМ” бр. 105/05).

***- Мерки за заштита и спасување***

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката, односно локалната самоуправа согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите како и учество во техничкиот преглед („Сл. Весник на РМ” бр. 105/05 и 98/05).

Заради организирано спроведување и спасувањето, учесниците во системот донесуваат План за заштита и спасување од природни непогодии и други несреќи. Истиот треба да содржи превентивни и оперативни мерки и постапки за заштита и спасување. Во зависност од наменети на објектите кои ќе се градат да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Мерката засолнување ќе се остварува согласно член 62 од Законот за заштита и спасување која опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектите и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштитата се определува според утврдениот

потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони („Сл. Весник на РМ” бр. 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите ќе се вградуваат во Архитектонско-урбанистичкиот проект.

Мерката заштита од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија ќе се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Северна Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

***- Мерки за заштита од пожар***

Заради навремена заштита од пожар потребно е да се обезбеди доволно простор со цел да се обезбеди брз и непречен пристап во услови на пожар. Со сообраќајното решение во планската документација е предвидено решение кое во услови на пожар обезбедува пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Во градот Штип кој ќе го опслужува комплексот со противпожарна заштита има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на сервисните дејности. Во понатамошната разработка на планот, потребно е да се утврди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување. Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект.

При подготовката на планската документација почитувани се пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл. Весник на РМ” бр. 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари („Сл. Весник на РМ” бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

***- Мерки за заштита од природни катастрофи***

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното

подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во  подрачјето  изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

# 9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот преку селектирање на истиот;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на планот и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

# 10. Нетехничко резиме

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на влијанијата. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.;
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Развојот и просторната разместеност на индустријата, инфраструктурата и комуналната супраструктура претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на овие дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др. Развојот на индустријата и комуналната супраструктура по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети.

Реализацијата на Детален урбанистички план на дел од Урбана четврт СЕ 02.01, со намена Г од ГУП на Град Штип, Општина Штип ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната и национална економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Индустријата и инфраструктурните активности се водечки стопански дејности и двигател на развојот на вкупната економија и имаат значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на одржлив развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Поволната поставеност на опфатот во однос на општина Штип со постојните инфрастуктурни системи, овозможува одржлив развој на стопанството за вакви и слични намени што ќе бидат во интегритет со еколошки чистиот предел. Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина. Со валоризацијата на овој простор ќе се зголеми неговата социјална и економска оправданост. Површината на планскиот опфат изнесува 3.9 ха.

Планскиот опфат опфаќа дел од урбана четврт СЕ 02.01, дефиниран со Генералниот урбанистички план на град Штип. Се наоѓа на подрачјето на КО Штип и се протега во следните граници:

- од север опфатот е дефиниран по граница на опфат по претходен ДУП,
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП,
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП,

- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип-Кочани согласно ГУП на град Штип.

Основна цел на ДУП-от е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат и детална разработка на пацелите. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во ГУП на град Штип со кој е уреден планскиот опфат како што се намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, регулација на мрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури како и за сите други нумерички плански параметри. Вака концепиран, предметниот Детален Урбанистички план има за цел да овозможи контролиран, рамномерен и одржлив просторен развој во иднина, рационално уредување и да создаде потребни просторни услови за рационално планирање на истиот и можност за негова прогресивна операционализација преку планска документација од пониско ниво.

Од горенаведеното произлегуваат следните цели на изработка на ДУП:

- Естетско-композициско уредување на просторот,
- Рационално користење на земјиштето,
- Максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- Почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- Оформување нов современ урбан пејсаж,
- Вградување на мерки на заштита на приордата и животната средина,
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- Утврдување на посебните услови за градба и параметрите потребни за изградба во рамките на предметниот просторен опфат,
- Да ги утврди планските општи и посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште, дефинирано во границите на планскиот опфат на планот,
- Да ги зголеми стечените права по основна сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење, освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес,
- Да обезбеди уредување и хуманизација на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост и слободното претприемништво на начин на кој нема да влијае негативно кон јавниот интерес.

Изработка на Детален урбанистички план се базира на основите на Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23 и 171/24) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и определбите и анализите на Генерален урбанистички план. Просторниот концепт на планот се задржува исто како и во важечкиот ГУП. Истиот се темели на максимално почитување на оформениот плански опфат. Исто така, концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место. Со предложеното решение се задржува намената предвидена во ГУП-от. Особено е водена сметка за максимално почитување на катастарските парцели. Во согласност

со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), ќе се планираат сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби.

Локацијата на предметниот пласкио опфат се наоѓа во Град Штип, на подрачјето на КО Штип. Подрачјето е опфатено со постојни урбанистички планови и тоа:

- ГУП на Град Штип, со Одлука бр. 008-7987/1 од 31.12.2022 год.
- ДУП за Балканска со Одлука бр. 08-432/1 од 18.06.1999 год.

Согласно податоците добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје-Друштво за дистрибуција на електрична енергија со допис бр. 10-23/2-391 од 30.09.2024 година, Акционерското друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија ЕВН Македонија АД Скопје, на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН.

Согласно податоците добиени од ЈП Исар - Штип, со допис бр. 15-146/2 од 07.10.2024 година, констатирано е дека на предметниот опфат има постоечки водовод и фекална канализација, доколку поминува низ новопланираните објекти, истата треба да се дислоцира. Во планскиот опфат може да се планира без посебни ограничувања, бидејќи подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање.

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД-Скопје, со допис бр. 65165 од 25.09.2024 година констатирано е дека на предметниот плански опфат има постојни ТК инсталации.

Согласно добиените податоци од Номагас, со допис бр. 08-4556/2 од 25.09.2024 година, констатирано е дека предметниот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Согласно добиените податоци од Мепсо, со допис бр. 11-6255/1 од 02.10.2024 година, констатирано е дека предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објект и во сопственост на Мепсо.

Согласно допис бр. 17-3159/2 од 08.10.2024 година, добиен од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, се констатира дека во граници на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Согласно добиените податоци од АЦВ (допис бр. 12-8/827 од 24.09.2024 година) констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа во зона на Спортски аеродром Штип, на 3237м североисточно од референтната точка, на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки чија елевација изнесува 388 мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба. Имајќи го во предвид предходното, а согласно член 76 од Закон за воздухопловство потребно е во наведената документација, да се вметна следнава одредба:

-максимална височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 388 мнв.

Согласно добиените податоци од ЈП Железничка инфраструктура, (допис бр. 2001-4288/2 од 30.09.2024 година) констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа надвор од заштитен појас на железничка пруга, а воедно нема ни планирани и постојни инсталации кои се во нивна сопственост.

Во локалитетот при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 6 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

Намената на објектите е Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, помошни објекти и трафостаница. Објектите се во добра состојба. Конструктивниот систем на објектите во главно е скелетен. Висината на објектите е П и П+1 (приземје и кат). Урбанистичките показатели од документационата основа укажуваат дека предметниот локалитет е со низок процент на изграденост од 3.5%.

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината, во согласност со одредбите на ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Сите предвидени комунални приклучоци потребно е да се реализираат.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел наразвојот. Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и сопствениците на градежните парцели од предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

Со Генералниот урбанистички план на Град Штип одредена е намената на земјиштето и градбите, при што дефинирана е постојна работна зона со класа на намена, Г-Рударство, енергетика, индустрија Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија:

Е-Инфраструктура

Е1- Сообраќајни,линиски и други инфраструктури

Е1.1- Сообраќајни патни инфраструктури

Е1.8-Трансформаторски станици и подстаници (класификација на намени согласно Правилник за урбанистичко планирање, („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичко планирање и постојната состојба.

Површината на планскиот опфат е парцелирано градежно и делумно неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Штип.

Со овој ДУП во планот се формираат повеќе градежни парцели со цел стекнување на сопственост. Пристапот до парцелите се обезбедени преку новопланирана сервисна ул. бр. 1. Оваа измена не го нарушува сообраќајниот режим во поширокиот опфат.

Височините на градбите се во склад со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. На барање на Инвеститорот на предметниот плански опфат со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, формирани се 5 градежни парцелии и една парцела со намена Е1.8-трафостаница.

Флексибилност на планот е капацитет на самиот план да се обезбеди поширок избор на алтернативни и компатибилни намени на земјиштето и градбите применувајќи го системот на класи на намени, што го зголемува степенот на реализација на планот и динамиката на просторниот развој.

Во планот е обезбеден поширок избор на алтернативни и компатибилни класи на намени на земјиштето и градбите. Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Заради флексибилност на планот, при одредување на намената на земјиштето во урбанистичките планови како планска одредба може да се употребуваат две или повеќе меѓусебно компатибилни намени како алтернативни намени.

Применувањето на алтернативните намени во градежната парцела обезбедува избор на една од определените намени во постапката при спроведување на планот, при што во текот на употреба на градбата е можна нејзина пренамена во другата алтернативна намена се додека е на сила урбанистичкиот план што ги уредил алтернативните намени. Алтернативните намени таксативно се наведуваат за секоја одделна градежна парцела при што збириот на површините на градежните парцели со алтернативни намени не може да зафати повеќе од 30% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната, доколку носителот на зоната е една од алтернативните.

Заради флексибилност на планот обезбеден е поширок избор на алтернативни намени на градежните парцели, применувајќи го системот на класи на намени и тоа за градежни парцели со намена:

Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија

Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Во моментот на изработка на планот забележано е присуство на производствени капацитети, сервиси и стоваришта.

Планското решение со оваа намена Г дополнително дава можност и за отварање на поголеми производни капацитети кон немаат големи енергетски

барања, не создаваат голем промет на суривини, ниту пак создаваат штетни еманации. Со проектните документации од понизок ранг, задолжително е имплементирање на одредбите на одржлив раст, како и почитување на законската и подзаконската регулатива од заштита на животната средина:
Е - Инфраструктура
Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 - Трансформаторски станици и подстаници.

Во однос на предвидената класа на намена Е1.8-трансформаторски станици, покрај постојната трафостаница не се предвидуваат нови градежни парцели за поставување на нови трафостаници. Дополнително, се имплементираат сите постојни водови од мрежата на ЕВН, а на ним им се предвидуваат заштитни појаси.

Со планското решение, согласно законската регулатива се предвидуваат траси за следните инфраструктурни водови: фекална канализација, атмосферска канализација, водоводна и телекомуникациска инфраструктура, електрична инфраструктура. Овие траси се поставени во канали, секој со соодветен профил, положен под сообраќајниците, односно помеѓу регулациските линии на секундарната сообраќајна мрежа.

Компатибилните класи на намени ќе бидат во согласност на Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), односно каде што се дефинирани општите правила за компатибилност на намените.

Помала некомпатибилност од класата на намени Г1 имаат класите на намени Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (освен Г2.8 - топлани за комунално греење и Г2.9 - вински подруми, винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В) и Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори (освен Г3.2 - сервиси за одржување и поправка на машини, бела техника, електроника, апа- рати за домаќинство, Г3.4 - сервиси за чистење и перење на килими, хемиско чистење и слично, Г3.6 - производство на инструменти, електроника и предмети за домаќинство, накит од племенити метали, музички инструменти, кроење и шиење облека, мануфактури за прецизни работи, печатници и слично, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В), чија што поголема компатибилност може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита кои ги преквалификуваат овие намени во компатибилни со некои класи на намени од групите на класи на намени Б и В, па дури и класата на намени А2, при што за оваа преквалификација (од повеќе во помалку загадувачки) се потребни технички докази и институционална верификација за нивната незагадувачка природа. Класите на намени Г4 - стоваришта, складови и отпади и Г5 - земјоделско и сточарско производство, се некомпатибилни за сите урбани групи на класи на намени, при што исклучок се селските стопански дворови како и специјализираните рурални населени места, во кои

што мешањето на класите на намени А1 и Г5 може да биде и компатибилно и комплементарно.

**Градежна парцела бр: 1**

Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија

Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела: 6.654,22 $м^2$

Површина за градење: 4.059,92 $м^2$

Со градежна линија е определена границата на површина за градење;

Бруто површина: 12.179,76 $м^2$

Процент на изграденост: 61%

Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%). Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.

Висина до венец: Нмах=12,0 м;

Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;

Број на катови: П+2

Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.83;

Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;

Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр.1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;

Тип на кров: кос, рамен или мансарден;

Висина на слеме: макс. 4,50м.;

Зеленило: минимум 20% во градежна парцела

Колски пристап: сервисна улица „1”.

Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 2**

Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија

Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 6.936,49 $м^2$
Површина за градење: 7.216,48 $м^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 9.583,17 $м^2$
Процент на изграденост: 46%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.38;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 3**

Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 11.457,49 $м^2$
Површина за градење: 7.357,49 $м^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;

Бруто површина: 21.649,44 м$^2$
Процент на изграденост: 64%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.92;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела
За оваа градежна парцела потребно е да се изработи урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање, со кој се врши урбанистичко архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план, при што висинатана сите градби и развиената бруто површина не смеат да бидат поголеми од максимално утврдените со овој план.
**Градежна парцела бр: 4**
Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 3.097,29 м$^2$

Површина за градење: 1.341,98 м$^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 4.025,94 м$^2$
Процент на изграденост: 44%
Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Нмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.31;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1”.
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 5**

Група на класа на намена - Г Производство, рударство, енергетика и индустрија
Класа на намена - Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Површина на градежна парцела: 2.661,83 м$^2$
Површина за градење: 1.258,10м$^2$
Со градежна линија е определена границата на површина за градење;
Бруто површина: 3.774,3м$^2$
Процент на изграденост: 46%

Компатибилна класа на намена: Г3, Г4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, В2, Д1, Д2 (мах до 40%)
Поголема компатибилност со група на класа на намена Б и В може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита, за што се потребни технички докази и институционална верификација за нивна незагадувачка природа.
Висина до венец: Hмах=12,0 м;
Максималната висина е вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразено во должни метри;
Број на катови: П+2
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=1.39;
Пречекорување од градежната линија со еркери, се дозволува во рамките на градежната парцела, согласно точка 7.9 од Општи услови;
Минималната височина на нултата плоча е во однос на заштитниот тротоарот на сервисна улица бр. 1 изнесува од 0 до 1,2 м, во зависност на намената на објектот и потребата од рампа за утовар-истовар; Поместување на нултата плоча не може да се врши под котата на тротоар;
Тип на кров: кос, рамен или мансарден;
Висина на слеме: макс. 4,50м.;
Зеленило: минимум 20% во градежна парцела
Колски пристап: сервисна улица „1".
Паркирање: во сопствена ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

**Градежна парцела бр: 6**

Група на класа на намена - Е - Инфраструктури
Класа на намена - Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена - Е1.8 - Трансформаторска станица
Површина на градежна парцела: 140,23 м$^2$
Површина за градење: 30 м$^2$
Бруто површина 30 м$^2$
Процент на изграденост: 21%
Висина на објект Hмах=4,5 м
Број на катови: П
Коефициент на искористеност на земјиштето: К=0,21;
Колски пристап: сервисна улица „1".

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и

направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

Вкупниот опфат има површина од околу 3.9 ха, а уличната мрежа (сообраќајни коридори = коловоз + тротоари) во рамките на овој плански опфат зафаќа околу 22%. Планираните улици овозможуваат оптимално одвивање на сообраќајот во рамки на планскиот опфат. Новопланираната сообраќајна мрежа се надоврзува на веќе постоечките сообраќајници на лице место и трасирана е во зависност од теренските услови и потребите за обезбедување на пристап до новопланираните градежни парцели. Во однос на класификација на уличната мрежа, дел од улици во планираниот опфат спаѓаат во секундарна улична мрежа и тоа сервисни и пешачки улици - наменети за пристап кон планираните содржини, односно кон постојните катастарски, а идни градежни парцели. Исклучок на ова е планирана магистрала М-5 Штип-Кочани согласно ГУП на град Штип која спаѓа во примарна улична мрежа. Целокупниот опфат на градежниот реон е поврзан со потребна сообраќајна мрежа. Поврзаноста со Општина Штип се одвива токму преку оваа магистрала М-5 Штип-Кочани. Осовината на магистралниот пар воедно претставува и една од границите на овој ДУП. На оваа сообраќајница се поврзуваат улици од секундарна улична мрежа кои водат до индустрискиот дел од опфатот.

Магистрален пат (М-5) Штип-Кочани е со вкупен сообраќаен попречен профил од 23м, односно средишно заштитно зеленило од 2м, 14м коловоз (2х7м) и 7м тротар (2х3.5м).

Сервисна Ул."1" - е со вкупен сообраќаен профил од 11.8 м (коловоз 7 м и 2х2.4 тротоар).

Сервисна Ул."2" е со вкупен сообраќаен профил од 18.5 м (коловоз 14м (2х7) и 2х2м тротоар).

